Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Арх

ИП1 15-26
Дата:25.02.2025 година,

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E info@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

Државниот Инспекторат за животна средина преку Хусни Тачи ,со службена легитимација број 06-0020, изврши Редовен инспекциски надзор во ДПТТУ ЛИКИ Транс ДООЕЛ со седиште на Ул.101, 66, с.Ново Село, Желино, застапувано од Сељам Суљејмани –управител, на ДПТТУ ЛИКИ Транс ДООЕЛ и со Записник бр ИП1 15-26 од 24.02.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 од Закон за управување со отпад со отпад, ( Сл.весник на Р.М.бр 216/2021 и 03/2025), и член 83 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19, 272/24 и 22/25) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ Задолжува** ДПТТУ ЛИКИ Транс ДООЕЛ со седиште на Ул.101, 66, с.Ново Село, Желино, застапувано од Сељам Суљејмани –Управител, веднаш по приемот на ова решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр. ИП1 15-26 од 24.02.2025 година и тоа:

1. Изработениот Консолидиран Извештај за постапување со отпад согласно податоците од евиденциите да го достави до надлежен орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина – МЖСПП согласно член 50 став 7 и 8;
   Рок:15 (петнаесет )дена.
2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 на оваа решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка ,а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.
3. Доколку субјектот од точка 1 не постапи согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстрани причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка, пред надлежен прекршочен орган, како и ќе започне постапка за одземање на добиените дозволи, согласности и овластувања согласно ќлен 117 став 3 од законот

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 24.02.2025 година изврши Редовен инспекциски надзор во ДПТТУ ЛИКИ Транс ДООЕЛ со седиште на Ул.101, 66, с.Ново Село, Желино, при што се изготви Записник за констатација со бр ИП1 15-26. Од увидот се констатира дека: Правниот субјектот со вршењето на својата дејност собирање третман и/или преработка на неопасен отпад,во складот

лоциран на ул.6бр.12, Сарај, општина Сарај, откупува метален неопасен отпад согласно дозволата. При што истиот се складира привремено согласно видовите на отпад и се продава на други правни лица.
При надзорот се утврди дека ДПТТУ ЛИКИ Транс ДООЕЛ имаа изработено Консолидиран извештај за постапување со отпад за 2024 година меѓутоа не бил доставен до надлежен орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина согласно член 50 став 7) од Законот за управување со отпад.
Од погоре наведеното се донесе: Решение како во диспозитивот.
Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение,Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка ,согласно член 117 став 3 од Законот за Управување со отпад(Сл.весник на Р.М.бр 216/2021).

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението..
Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.
Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр ИП1 15-26 на ден 25.02.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Хусни Тачи, Главен инспектор**

Доставено до: -Архива,
- ДПТТУ ЛИКИ Транс ДООЕЛ
Ул.6, бр12, Сарај
Општина Сарај

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**
ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел
Е-пошта: info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**
Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel.
Posta-E info@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk